АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2577 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш;

3. **Период опфатен со надзорот**: 4 и 5 мај 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 8 мај 2019 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта.)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, емитуван на 4 и на 5 мај 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, програмскиот сервис ТВ Кобра емитуваше прилог во вести во кој беа пренесени изјави од носители на функции во органите на власта, во конкретниот случај на премиерот Зоран Заев и на вицепремиерот Кочо Анѓушев. Прилогот со наслов - „Премиерот Заев на средба со бизнис секторот во Струмица", на 4 мај беше емитуван во вестите во 17:30, во 20 часот и во 23 часот, а на 5 мај 2019 година, во вестите во 17:30 часот.

**04.05.2019**

| Дневна информативна емисија | Период на емитување на прилогот „Премиерот Заев на средба со бизнис секторот во Струмица" | Времетраење на изјавите на носителите на јавни функции емитувани во прилогот |
|---|---|---|
| Вести во 17:30 часот | 17:42:17 – 17:43:36 | Зоран Заев – 24 секунди<br>Кочо Анѓушев – 20 секунди |
| Вести во 20 часот | 20:15:08 – 20:16:26 | |
| Вести во 23 часот | 23:24:48 – 23:26:05 | |

**05.05.2019**

| Дневна информативна емисија | Период на емитување на прилогот „Премиерот Заев на средба со бизнис секторот во Струмица" | Времетраење на изјавите на носителите на јавни функции емитувани во прилогот |
|---|---|---|
| Вести во 17:30 часот | 17:40:12 – 17:41:29 | Зоран Заев – 24 секунди<br>Кочо Анѓушев – 20 секунди |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, во вестите емитувани на 4 мај во 17:30, во 20 и во 23 часот како и во вестите емитувани на 5 мај во 17:30 часот, емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта - премиерот Зоран Заев и вицепремиерот за економски прашања Кочо Анѓушев.

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата, да покрене прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш.

***Сектор за програмски работи***